РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09 - 1863/3
22 -07- 2021

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 50-та седница, одржана на ден 21 јули 2021 година, донесе

**Одлука**

Постапката по предметот 09 –2351/1 од 09.04.2019 година СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување во предметот со број 09 –2351/1 од 09.04.2019 година, бидејќи во истиот нема доволно податоци за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси.

Предметот со број 09 –2351/1 од 09.04.2019, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09 –2351/1 од 09.04.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава од група граѓани од Општина --------, кои се однесува за наводи за непотизам кај Градоначалникот на Општина --------, при именување на директор на училиште во општина ----------, според пријавителот именуваното лице е шура (брат на жената на Градоначалникот).

По разгледување на пријавата се констатираше дека во случајот треба да постапува и Одделението за спречување на корупцијата, бидејќи во пријавата има и наводи дека Градоначалникот на Општина --------- ----------- поседува свој угостителки објект и пред неговиот ресторант има присвоено земјиште направено како летна бавча.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, констатира дека во истата нема доволно податоци за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од истиот закон, односно нема општи наводи не е наведено во кое училиште градоначалникот именувал негово блиско лице, ниту пак се дадени податоци за лицето кое е именувано, а бидејќи станува збор за анонимна пријава, Државната комисија не може да бара допрецизирање на истата.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
**Изработил:** С.М, виш соработник
**Одобрил:** С.П.Д, Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk